## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ИНТЕРПРЕТАЦИСКИТЕ ПРОБЛЕМИ НА СОНАТАТА ЗА ФЛЕЈТА И ПИЈАНО ’УНДИН’, оп.167 ОД КАРЛ РАИНЕКЕ СО АНАЛИЗА НА ПРВИ СТАВ“ ОД ПРОФ. М-Р ЗЛАТКА МИТЕВА И М-Р НАТАША ТРБОЈЕВИЌ ОД МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на точка 4 од Правилата за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Универзитетски гласник број. 23/2012), Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на седницата одржана на 28.10.2015 година донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање учебно помагало/скрипта Интерпретациски проблеми на сонатата за флејта и пијано Ундин оп. 167 од Карл Раинеке, со анализа на први став од авторите проф. м-р Златка Митева и м-р Наташа Трбојевиќ е избрана Рецензентска комисија составена од следниве рецензенти:

– проф. д-р Владимир Лазаревски, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија;
– доц. д-р Бранко Павловски, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија,

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис за скрипта со наслов „Интерпретациски проблеми на сонатата за флејта и пијано Ундин оп. 167 од Карл Раинеке со анализа на први став“ од авторите проф. м-р Златка Митева и м-р Наташа Трбојевиќ, наменет за студентите на прв циклус додипломски студии на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на Вокално-инструменталниот оддел.

По прегледот на ракописот, рецензентите на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за скриптата со наслов „Интерпретациски проблеми на сонатата за флејта и пијано Ундин оп. 167 од Карл Раинеке со анализа на први став“ од авторите проф. м-р Златка Митева и м-р Наташа Трбојевиќ е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Флејта со оркестарски делници 5,6 и предметот Флејта со оркестарски делници 7,8 кои се изучуваат на Вокално-инструменталниот оддел, насока Флејта на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на прв циклус додипломски студии во прв и втор семестар со фонд на часови 3+2+2 и број на кредити 8.

Ракописот е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на теоретскиот и практичниот дел од овој предмет.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое во целост ги опфаќа сите проблематики за сонатната циклична форма. Во ракописот авторот ги истакнува техничките проблематики и процесот на усовршување на техничките проблеми, разбирање на формата, која е многу застапена во флејтовиот репертоар. Овој ракопис претставува систематично и логично пренесување на она што ќе биде основа за студентите по предметот Флејта со оркестарски делници и советник за правилно интерпретирање на програмските пиеси за флејта. Овој ракопис е составен од пет глави од кои секоја за себе разработува проблематики кои припаѓаат на сонатната циклична форма, специјално анализирана во соната „Ундин“ од Карл Раинеке.

Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите на Музичката академија. Квалитетот, прегледноста и естетиката, како и голем број на нотни примери даваат можност за успешно следење и подготвување на студентот по предметот Флејта со оркестарски делници.

### З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис претставува одлична основа за подготовка на студентите на Музичката академија за одговор на теоретските и практичните барања по предметот Флејта со оркестарски делници. Ракописот „Интерпретациски проблеми на сонатата за флејта и пијано 'Ундин' оп. 167 од Карл Раинеке со анализа на први став“ од авторите проф. м-р Златка Митева и м-р Наташа Трбојевиќ е ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план за предметот Флејта со оркестарски делници 5, 6 и Флејта со оркестарски делници 7, 8 на Музичката академија за студентите од Вокално-инструменталниот оддел.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишана според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Интерпретациски проблеми на сонатата за флејта и пијано Ундин оп. 167 од Карл Раинеке со анализа на први став“ од авторите проф. м-р Златка Митева и м-р Наташа Трбојевиќ да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Лазаревски, с.р.**
**Доц. д-р Бранко Павловски, с.р.**